
Периодичен извештај

СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ

јануари – јули 2025 година



Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Институт за човекови права

Наслов:

ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ
За периодот јануари – јули 2025 година

Издавач:

Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје

Скопје, септември 2025 година

Публикацијава е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија.
Нејзината содржина на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

СОДРЖИНА

ВОВЕД 4

ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ 4

Гласање и систем за тонско снимање 5

Јавни седници на ССРСМ 5

Годишни извештаи за работата на ССРСМ 6

Присуство на членовите, по функција, на седниците на ССРСМ 6

Анализа на содржината на објавите на Судскиот совет и на изјавите за медиуми 7

Отвореност кон јавноста и кон медиумите 8

ЕФЕКТИВНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ 9

Имплементација на препораките од Оценската мисија на ЕУ 9

Избор на претседател на Судскиот совет 10

Избор на судии и претседатели на судови 10

Разрешување судии и претседатели на судови 13

Следење на работата на судовите 14

Одлучување по претставки од граѓани и од правни лица 14

ЗАКЛУЧОЦИ 16

ПРЕПОРАКИ 17

ВОВЕД



јануари - јули 2025 година

Институтот за човекови права, преку присуство на сите отворени седници, редовно ја следи работата на Судскиот совет. Цел на оваа активност е, преку објективно следење на неговата работа, Институтот за човекови права да ги забележи предизвиците и напредокот во неговото работење, како и да придонесе, со заклучоци и препораки базирани на докази, за подобрување на состојбата во судството. Оваа активност се спроведува во рамки на програмата „Пристап до правда за сите – Годишна работна програма 2025", финансирана од Европската Унија, во рамки на ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми, за 2022 година.


Мониторинг извештајот за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Судски совет или ССРСМ) се однесува на **периодот од јануари до јули 2025 година.**

Извештајов е поделен во три главни дела, кои се однесуваат на **транспарентноста, ефективноста и ефикасноста на Судскиот совет**.



За потребите на извештајов беа користени следниве извори на информации: присуство на сите отворени седници на Судскиот совет, записници и извештаи од Судскиот совет, објави и документи презентирани на веб-страницата на Судскиот совет, објави во медиуми, итн.

ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ



одржани 17 седници

Во наведениов временски период ССРСМ има **одржано 17 седници, од кои едната била итна нејавна седница** заради разгледување и одлучување по поднесено барање за изземање на член од Судскиот совет на Република Северна Македонија, во врска со поднесено барање за одговорност на судија. Објавувањето на информациите за закажувањето на седниците, во поголемиот број случаи, било навремено.

По завршувањето на секоја од седниците се објавуваат соопштенијата за донесените одлуки и заклучоци, **и, за разлика од претходно, може да се забележат пократки и поедноставни известувања поврзани со точките кои биле разгледувани на секоја седница**, како и известувања за донесените одлуки. Оваа практика, која се појави во последниов период, би требало да се промени, односно, во периодот што следува, **Судскиот совет би требало да поработи на начинот на известувања поврзани со**

точките од дневниот ред кои се разгледувани и усвојувани, со цел подобрување на неговата активна транспарентност. Ова особено затоа што записниците од седниците не се објавуваат веднаш по седницата, туку треба претходно да се усвојат на седница, па потоа да се објават на веб страницата, за да може јавноста да биде запознаена со одлуките што ги донесува ССРСМ, без оглед на тоа што седниците се јавни.

Пренесувањето на седниците во живо од Македонската Информативна Агенција и понатаму продолжува. Оваа практика беше воведена во мај 2023 година, но често се присутни и други медиуми, како и новинари и претставници на невладини организации кои известуваат за седниците. И во овој период се бележи зголемен интерес, како за седниците, така и за постапувањето на ССРСМ.

Законската обврска за објавување на записниците од седниците на ССРСМ се почитувала. Записниците се детални, а истите биле објавувани по усвојувањето. **Во овој временски период не може да се забележи редовно усвојување на записниците, односно записниците се усвојуваат со задоцнување и соодветно се објавуваат на веб страницата на ССРСМ.** На седниците на кои се усвојуваат записниците, веќе нема забелешки за нивната содржина, па може и да се смета дека е надмината претходната забелешка во која истакнавме дека записниците не беа воедначени по својата содржина и дека често членовите имаа забелешки по истите.

ГЛАСАЊЕ И СИСТЕМ ЗА ТОНСКО СНИМАЊЕ

Откако е инсталиран новиот **електронски систем за тонско снимање и гласање,** во декември 2024 година, јавноста, на монитор, веднаш може да види како гласал секој член на ССРСМ. **Досега не се забележани проблеми околу употребата на овој систем**, што значи дека има унапредување на транспарентноста и на индивидуалната одговорност на членовите на ССРСМ.

ЈАВНИ СЕДНИЦИ НА ССРСМ

Што се однесува до динамиката на одржувањето на седниците, на месечно ниво, **во текот на еден месец се одржувале една до две седници. За разлика од претходниот период, ова е намалување на бројот на седниците што ги одржува ССРСМ, на месечно ниво, и може да се забележи помала динамика на одржувањето од претходно.** Вообичаено, на една седница се одлучува по претставките на граѓаните и на правните лица, што е и законска обврска.

Не може да се забележи одржување на состаноци или колегиуми пред отпочнувањето на седниците. Оваа практика е надмината уште во претходниот период и веќе на време се започнува со седниците. Исто така, во овој извештаен период не се бележат итни седници, освен една. Но, с**е додаваат точки на дневен ред, кои навремено би требало да се ставени, со оглед на значењето на содржината на точките**. Кога се работи за одлуки кои треба да ги донесе ССРСМ со гласање,

истите, во објавениот дневен ред биле ставени под точка разно, а на седницата биле преточувани во редовни точки. Така на пример, на седницата од 3 јули 2025 година, под точката 'ВД претседатели', истовремено биле усвоени повеќе извештаи и биле донесени повеќе одлуки, што несоодветствува со насловот на дадената точка од дневниот ред, па сето ова делува збунувачки за јавноста.

Во иднина, неопходно е институцијата суштински да ја промени оваа практика и да обезбеди навремени, јасни и достапни известувања за јавните седници.

Јавните седници на ССРСМ и работењето на членовите е обемно, со многу точки на дневниот ред, при што **може да се забележи активно учество во дискусиите на сите членови, со користење право на реплика, аргументација, образложување, со различни толкувања за одредени состојби кои претходно биле расправани и по кои веќе биле донесени заклучоци или биле допрецизирани некои постапки кои не биле доволно образложени.** Понекогаш има и поинтензивни дискусии, што остава впечаток дека членовите меѓусебно се убедуваат чија аргументација е позаконска, особено кога има различни ставови за веќе претходно расправани состојби кои не се дефинирани во закон.

ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ССРСМ

Годишниот извештај за работа на ССРСМ, за 2024 година, беше усвоен на 30 април 2025 година и беше доставен до Собранието на РСМ, но истиот сè уште е во собраниска процедура.[1] И покрај тоа што во измените и дополнувањата на Деловникот за работа на ССРСМ е предвидено вклучување и на Здружението на судиите на РСМ и на организациите на граѓанското општество, **на седницата на која се разгледуваше Годишниот извештај не беа повикани, ниту им беше претходно доставен Годишниот извештај за работата на ССРСМ на граѓанските организации и ЗСРСМ за да се исполни оваа деловничка одредба.**

ПРИСУСТВО НА ЧЛЕНОВИТЕ, ПО ФУНКЦИЈА, НА СЕДНИЦИТЕ НА ССРСМ

Во овој извештаен период **министерот за правда не беше присутен на ниту една седница на ССРСМ**, иако тој, како и претседателот на Врховниот суд на РСМ, се членови по функција во Судскиот совет кои можат да учествуваат на седниците, но немаат право да гласаат.

Поради објавен оглас за избор на претседател на ВСРСМ и завршувањето на мандатот, во март 2025 година, **претседателката на ВСРСМ не присуствувала на седниците одржани во овој временски период, а по изборот на ВД претседател на ВСРСМ, се бележи негово послабо присуство на седниците**.

1 *https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=fef83a5a-4085-4f7f-9947-e41b80a09bfd*

АНАЛИЗА НА СОДРЖИНАТА НА ОБЈАВИТЕ НА СУДСКИОТ СОВЕТ И НА ИЗЈАВИТЕ ЗА МЕДИУМИ

Во временскиот период за кој се однесува овој извештај, како што може да се види од веб страницата на ССРСМ, може да се констатира дека новиот претседател на ССРСМ - Александар Камбовски, имал состаноци со претставници на меѓународни организации и домашни институции од правосудниот сектор, со невладини организации, остварена средба со претставници од Блупринт групата, но и зголемено присуство во медиумите преку давање изјави и интервјуа во телевизиски емисии.

Во своите изјави и интервјуа[2] **претседателот претежно се осврнува на предизвиците со кои се соочува судството, а тоа се пред се' нападите од извршната и законодавната власт, финансиската зависност, односно немањето доволно средства за функционирање на судството, непродолжувањето на договорите за вработување** на голем дел од записничарите и другите ангажирани лица низ судовите во РСМ; **немањето средства за деветтата генерација на кандидати за судии** во АСЈО, итн.

Покрај објавите, односно покрај соопштенијата за одржувањето на седниците и известувањата за донесените одлуки по седниците, може да се забележат и соопштенија со кои се известуваат граѓаните за закажаните интервјуа со кандидатите за претседатели на судови, потоа известувањата за давање свечени изјави на избраните судии и претседатели на судови.

Може да се констатира дека, во споредба со претходниот период, не е подобрена транспарентноста на ССРСМ кон општата јавност, во поглед на подеталните информации кои се споделуваат само за непосредните надлежности на ССРСМ, и нема подетални информации за останатите активности кои ги презема претседателот или членовите на ССРСМ во насока на поголема отвореност кон граѓаните. Се согледува и дека моменталната веб-страница на ССРСМ не е доволно лесна за пребарување и не овозможува лесна достапност до документи и објави.

Да резимираме: во насока на поголема видливост на работата на Судскиот совет во остварувањето на неговите надлежности, неопходно е почесто објавување соопштенија од секојдневните активности, а кои се однесуваат на неговата примарна цел -обезбедување независност на судството, како и објави од актуелни проблеми и активности кои ССРСМ ги презема за нивно решавање.

2 Повеќе за дадените интервјуа на претседателот на ССРСМ види: за финансиска (не)зависност на ССРСМ, ССРСМ ќе се води со интегритет и непристрасност во заштита на судската независност, ќе се разгледуваат сите случаи во кои има сомневања за пропусти од страна на судии, судството не било ажурно во првиот квартал.

ОТВОРЕНОСТ КОН ЈАВНОСТА И КОН МЕДИУМИТЕ

Во периодов во кој е следена работата на ССРСМ се забележува континуиран интерес за неговата работа, не само од медиумите, туку и од невладините организации и општата јасност. Соопштенијата, за разлика од претходниот период, не се доволно опширни и потребно е да содржат повеќе информации за точките од дневниот ред. Може да се забележи дека се објавуваат документи кои се донесени на седниците.

Како и до сега, седниците на ССРСМ од медиумската агенција МИА се пренесуваат во живо, што овозможува секој заинтересиран граѓанин да ја следи работата на ССРСМ. Исто така и линкот од секоја седница е достапен во соопштението/известувањето, кое се објавува по секоја седница.

Во февруари 2025 година[3] **група пратеници поднесоа интерпелација за работата на одредени членови на Судскиот Совет на Република Северна Македонија, како носители на јавни функции, а согласно со член 47 од Деловникот на Собранието на Република Македонија**. Интерпелацијата беше поднесена за петте членови на ССРСМ, избрани од Собранието на Република Северна Македонија, заради недоследно спроведување на надлежностите, особено заради негрижа, односно нарушување на угледот на судиите и загрозување и нарушување на довербата на граѓаните кон судството, а со тоа и на целиот правосуден систем, односно судството во целина. По големиот број реакции од јавноста, посебно од првните експерти и невладините организации кои укажуваа на штетните последици од ваквиот притисок што го прави извршната и законодавната власт врз судската власт, **во март 2025**[4] **година, пратениците ги изгласаа интерпелациите за овие пет члена на ССРСМ**. Секое иницирање на постапките за одговорност или за разрешување на членовите на ССРСМ, доколку не се поткрепени со соодветни факти и докази, фрла сомнеж за притисоци и влијанија врз судската власт, особено доколку тие доаѓаат од извршната и/или законодавната власт, на начин на кој дополнително ја поткопуваат довербата во правосудството, а со тоа и во целиот механизам на владеење на правото и правната држава.

3 *https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=85de8627-1329-40e0-8e76-df88e52a8ce2*

4 *https://www.sobranie.mk/detali-na-sednica.nspx?sittingId=a12327be-4550-4161-9bd9-fa6b3b48ee07*

ЕФЕКТИВНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРЕПОРАКИТЕ ОД ОЦЕНСКАТА МИСИЈА НА ЕУ

Препораките коишто беа презентирани во Извештајот на Оценската мисија на ЕУ, во 2023 година, а се однесуваа на подобрувањето на состојбата во ССРСМ и на судството во целина, во 2024 година, беа прифатени од ССРСМ преку Акцискиот план за нивно спроведување. Во текот на 2024 година беа донесени повеќе акти, кои значеа примена на конкретните препораки за подобрување на функционирањето на ССРСМ, за кои немаше потреба од законски измени. Донесувањето на овие акти укажува дека има волја за навремено и целосно спроведување на препораките на Оценската мисија на ЕУ, а особено на препораките кои се однесуваат на работата на ССРСМ и кои беа веднаш применливи, без да е потребна законска или уставна измена.

Позитивна е практиката што произлезе од препораките на Оценската мисија, а беше прифатена од ССРСМ, според произнесувањето на членовите на ССРСМ, не само при изборот на судија или претседател на суд, туку и при неизборот на некој кандидат. Поточно, членовите на ССРСМ се изјаснуваат зошто не гласале за одреден кандидат, кој е следен на ранг-листата. **Меѓутоа, ваквата практиката не беше применета во сите случаи.**

Отстапување од воспоставената практика се бележи и во однос на изработувањето на одлуките на ССРСМ, а тоа беше и една од препораките на Оценската мисија, која ССРСМ ја прифати и извесен период ја применуваше. Имено, одлуките на ССРСМ, по укажувањето на Оценската мисија, беа изработувани подетално, подобро образложени и споредливи, со истакнување на повеќе информации за постапката за изборот на судии/претседател на суд. Но, при последните избори има отстапки во однос на содржината на одликите за избор на судии/претседател на суд [5].

Во периодов на известување, освен учеството во работната група за измени на Законот за ССРСМ, не може да се забележат други активности во насока на имплементација на дел од препораките на Оценската мисија, а кои беа предвидени во Акцискиот план што го усвои ССРСМ. Така на пример, во насока на имплементирање на една од препораките, во измените на Деловникот е предвидено вклучување на Здружението на судиите на РСМ и на организациите на граѓанското општество при расправа и усвојување на Годишниот извештај за работа на ССРСМ, но оваа измена не се испочитува и при расправата за Годишниот извештај за работа на ССРСМ, па не беа вклучени ниту ЗСРСМ, ниту невладините организации.

Како што може да се види од јавните седници, **поголема практична примена има Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на рангирање**

5 *http://sud.mk/wps/wcm/connect/ssrm/035d4158-b5ff-4973-93a7-acb660396bac/Y2025-SDN-%28GD%291434.pdf?MOD=AJPERES&CVID=*

http://sud.mk/wps/wcm/connect/ssrm/d5fa1efd-99ed-4e22-ac8b-50ce889c831e/Y2025-SDN-%28GD%290207.pdf?MOD=AJPERES&CVID=

на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со кој се изврши допрецизирање на оценувањето во насока на избор на судии во повисок суд, што се користеше при вонредното оценување на судиите кои се кандидирале по огласи за избор на судии.

Да резимираме: Усвоените измени на неколкуте документи, во 2024 година, требаше да бидат основа за подобрување на суштинската транспарентност на ССРСМ, којашто директно ќе влијае и на неговото ефективно работење и ќе значи јакнење на довербата, не само кон граѓаните, туку и кон судиите. Сепак, ССРСМ не успеа докрај да остане доследен при применувањето на овие документи и практики.



ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДСКИОТ СОВЕТ

Судскиот совет на РСМ, на седницата одржана на 3.1.2025 година, **избра нов претседател и тоа м-р Александар Камбовски**, по поднесената оставка на претходната претседателка - Весна Дамева. Во текот на овој временски период беше избран и нов потпретседател на ССРСМ ,судијата Аритон Ала, поради истекот на мандатот на претходниот потпретседател.



ИЗБОР НА СУДИИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ

Од почетокот на 2025 година ССРСМ изврши избор на голем број судии и тоа во сите инстанци – во основните и во апелациските судови и во Врховниот суд на РСМ. Во јануари беа избрани 4 судии во Апелацискиот суд Битола, во април 3 судии во Врховниот суд на РСМ, а во мај 10 судии во Апелацискиот суд Скопје.

При изборот на судии во Апелацискиот суд Битола, за прв пат членовите на ССРСМ дадоа образложение зошто не ја испочитувале ранг- листата, односно не го избрале највисокорангираниот, туку судијата-кандидат кој имал помалку бодови од претходниот. При овој избор членовите се одважија да дадат свое образложение, со што прв пат ја испочитуваа препораката на Оценската мисија да даваат образложение и за неизбор на судија.

Имено, досега на седниците за секој кандидат поединечно беа реферирани добиените бодови.. Врз основа на бодовите од целата постапка на оценување, беше направена ранг-листа по која се гласаше, почнувајќи со кандидатот кој е прв на ранг-листата и кој е со најголем број бодови. Согласно со Законот, за избран се сметаше оној кандидат кој ќе добие 8 гласа од членовите на ССРСМ со право на глас. Кога ќе се изгласаа доволен број кандидати, барани според огласот, се прекинуваше со понатамошното гласање и не се даваше можност да се гласа за останатите кандидати и да се исцрпи целата ранг-листа. Заради законските одредби, оваа практика е присутна во ССРСМ, што го актуелизира прашањето дали и некој друг кандидат од ранг-листата подолу не може да добие ист, па дури и поголем број гласови од претходниот кандидат за кој веќе е гласано од членовите на ССРСМ. Но, критиките од јавноста, препораките од Оценската мисија и измените на Деловникот за работа на ССРСМ доведоа да

тоа, при изборот на судии во Апелацискиот суд Битола, членовите да ја сменат оваа досегашна практика.

Најголем избор на судии се изврши во основните судови од осмата генерација на кандидати од АСЈО во март и април годинава. Согласно со претходната одлука за бројот на потребни кандидати за судии во основните судови, ССРСМ распиша оглас за избор на основни судии во поголем број судови низ државава. По спроведената постапка, согласно со Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за судии од Академијата за судии и јавни обвинители, **во март 2025 година, ССРСМ избра вкупно 48 судии** и тоа во Основен суд Битола, Основен суд Гостивар, Основен суд Делчево, Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кичево, Основен суд Кавадарци, Основен суд Кочани, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Куманово, Основен суд Охрид, Основен суд Струмица, Основен суд Прилеп, Основен суд Свети Николе, Основен суд Струга, Основен суд Тетово, Основен суд Штип, Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје.

Изборот на овие судии, и покрај јасно пропишаната процедура во Законот за ССРСМ и во Правилникот за избор на судии во основните судови, помина со одредена доза на сомнеж, поради тоа што досегашната практика што ја има ССРСМ при избор на судии, не беше во целост запазена. Имено, претседателот на комисијата што го спроведе интервјуто со кандидатите, кој е задолжен да ја изработи ранг-листата, не ја испочитувал досегашната практика прво да ја прочита ранг-листата од сите пријавени кандидати во основен граѓански и основен кривичен суд, бидејќи за овие места имаше пријавено повеќе кандидати. **Наместо да се утврди ранг-листата, претседателот на комисијата прочитал по 6 кандидати за двата суда и членовите ги изгласале истите без претходно да се знае кој бил пријавен за овие места и по колку бодови добил секој од пријавените кандидати.** Со ова се фрли сомнеж на изборот на судиите во Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје. Сомнежот е во тоа што со читањето на ранг-листа требало да бидат избрани судиите онака како што биле рангирани, или во спротивно, да се даде образложение зошто некој кандидат не е избран, а е следен на ранг-листа.

За останатите основни судови, бидејќи немаше повеќе кандидати за објавените слободни места, немаше ваков пропуст, односно за секое слободно место имаше по толку пријавени кандидати колку што се бараа на огласот. Секако, **за некои од основните судови подолго време нема заинтересирани кандидати од АСЈО, па овие места остануваат празни, иако ССРСМ презема некои чекори, но очигледно истите не се доволни за пополнување на слободните судски места во некои судови.**

По изборот на 48 судии во основните судови, со што се реализираше предвидената распределба на кандидати од осмата генерација на АСЈО, поради искажан голем интерес за судии од оваа генерација, ССРСМ објави уште еден оглас за избор на судии во основните судови и покрај тоа што останатите кандидати требаше да бидат избрани за јавни обвинители. Но, на огласот за јавни обвинители не беше пријавен доволен број кандидати од осмата генерација, што ССРСМ го протолкува како податок дека тие кандидати имаат поголем интерес да бидат судии. Така, **во април беа избрани уште 19 судии во основните судови низ државава.**

Во мај 2025 година, **Судскиот совет го избра Африм Фидани за претседател на Врховниот суд на РСМ врз основа на претходно објавен оглас на кој се пријавија судиите Беса Адеми и Африм Фидани.** Бидејќи кандидатите за претседател на

Врховен суд на РСМ не се оценуваат, ранг- листата беше составена по азбучен ред. Секој член на ССРСМ се изјасни за секој од кандидатите, при што мнозинството членови кажаа дека дотогашната претседателка Беса Адеми имала можност да направи суштински промени во подобрувањето на состојбите во правосудството и особено во соработката со Судскиот совет, но такви промени не биле реализирани во практиката. За другиот кандидат, за Африм Фидани, мнозинството членови се изјасниј дека не биле запознаени со неговата работа како судија во Врховниот суд на РСМ. При гласањето, двајца членови на Судскиот совет гласаа позитивно и за двајцата кандидати, што е невообичаено, особено кога се избира претседател на највисокиот суд во Републикава и кога има само двајца кандидати.

Судскиот совет **во мај избра 10 судии на Апелацискиот суд Скопје, од кои 6 судии во граѓанска и 4 во кривична област.** Членовите на ССРСМ само ги усвоија ранг-листите, при што не беа прочитани кандидатите, нивните кратки биографии и оценките. При унапредувањето на судиите во кривичната област, беше почитувана ранг-листата и беа избрани судии според истата. **При изборот на судии од граѓанска област, петте судии беа избрани почитувајќи ја претходно усвоената ранг-листа, при што од член на ССРСМ беше побарано да се почитува член 43 од Законот за судови, за правична застапеност и последниот избран судија да биде кандидат од заедниците.** За ова барање се разви дискусија меѓу членовите, при што за шести судија беше избран кандидатот под реден број 14, иако четворица кандидати пред него исто така исполнуваа услови за унапредување и немаше никаква пречка за еден од нив да биде избран, односно унапреден за судија во граѓанска област во Апелацискиот суд Скопје.

Во овој извештаен период **беа избрани повеќе претседатели и ВД претседатели на судови.** На седницата што се одржа во јули, **ССРСМ повторно отстапи од претходно воспоставената практика при предлагањето кандидат за ВД претседател.** И покрај тоа што нема детално утврдено по кои критериуми би се предлагал и избирал ВД претседател на суд, досега ССРСМ има воспоставено повеќе начини по кои предлага кандидати. Но, на гореспоменатата седница се направи преседан околу предлагањето ВД претседател на Основен кривичен суд Скопје. На седницата беа избрани повеќе ВД претседатели на основни судови, поради истекување или престанување на мандатот на досегашните претседатели, но немаше конзистентност во начинот и постапката на избор на новите ВД претседатели. Поточно, за различни кандидати се применуваа различни критериуми и процедури, што фрла сомнеж врз независноста и кредибилитетот на Судскиот совет. Според досегашната практика на ССРСМ, при предлагањето судија за ВД претседател се наведува причината за предлогот, со оглед дека законската рамка не предвидува детални критериуми за определување ВД претседател, освен одредбата од Законот за судови[6] , која гласи: „Во случај на разрешување или престанок на мандатот на претседателот на судот, до избор на нов претседател на судот, Судскиот совет на Република Македонија, од редот на судиите во судот, определува вршител на должноста претседател на судот кој во последната година е оценет со највисока позитивна оценка и во однос на останатите судии има добиено најголем број бодови“.

Досега, при избор на ВД претседатели се предлагаше истиот претседател да продолжи да ја врши таа функција додека да биде избран нов, доколку има услови за тоа, како што беше случај на седницата при изборот на ВД претседатели на

6 Член 89 од Законот за судовите (“Службен весник на РМ“ бр.58/06)

Гостивар и Дебар. Во други случаи, за ВД претседатели се предлагале судии кои имале најголем стаж или највисока оценка добиена при последното оценување.

Меѓутоа, во конкретниов случај со Основниот кривичен суд Скопје, предлогот за ВД претседател е спорен, бидејќи во текот на 2025 година беше спроведено оценување на судиите од овој суд во рамки на нивното кандидирање за судии во Апелацискиот суд Скопје. Тоа значи дека во моментот на избирањето ВД претседател имало судии кои се оценети „во последната година", како што е наведено во Законот за судови. И покрај тоа, не беше наведено дали кандидатот кој беше предложен и избран за ВД претседател има добиено најголем број бодови во однос на останатите судии, согласно со барањата на одредбата во Законот за судови, што ја доведува во прашање транспарентноста и законитоста на процесот и предизвикува сомнежи за пристрасност и влијанија во одлуките на ССРСМ.

Да резимираме: Несомнено е потребна законска измена, со цел да се воедначи начинот на предлагање кандидати за ВД претседатели, како заради обезбедување предвидливост за кандидатите, така и заради избегнување на впечатокот дека се манипулира со критериумите кои треба да ги има еден кандидат за ВД претседател. Препорачливо е ССРСМ да се придржува до своите заклучоци и до воспоставената практика, без разлика кои се членови на комисијата што врши селекција и рангирање на кандидатите за избор или унапредување на судии.

Во текот на овој извештаен период **Судскиот совет избра 6 нови ВД претседатели**, и тоа на Врховниот суд, Основниот суд Охрид, Основен суд Дебар, Основен суд Свети Николе, Основен суд Гостивар и Основен кривичен суд Скопје. **Беа избрани и 10 нови претседатели на судови** и тоа на Основниот суд Кратово, Апелацискиот суд Гостивар, Врховен суд, Апелацискиот суд Битола, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кочани, Основен суд Кавадарци, Основен суд Струмица, Основен суд Охрид и Основен суд Крушево.

Загрижувачки е податокот дека и понатаму има тренд во помалите судови да нема заинтересирани кандидати за претседатели на судовите.

Со измените и дополнувањата на Законот за работни односи, со кој се овозможува продолжување на работниот однос и по 62, односно 64 години старост, голем број судии побараа од ССРСМ продолжување на работниот однос, со што ќе се овозможи намалување на недостатокот на судии во основните и апелациските судови во државава.



РАЗРЕШУВАЊЕ СУДИИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ

Во периодот до јуни 2025 година Судскиот совет констатирал престанок на судиската функција поради старосна пензија на 5 (пет) судии, како и на 1 (еден) судија на кој му престанала судиската функција поради смрт.

Во првата половина од 2025 година ССРСМ донел 10 (десет) одлуки за запирање постапки за одговорност на судија/претседател на суд, 2 (две) одлуки со кои на судиите им се изрекува дисциплинска мерка - намалување на платата во висина од 15% од месечната плата на судија, во траење од 3 месеци, за сторена дисциплинска

повреда, потоа 1 (една) одлука за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, 1 (една) одлука за изрекување дисциплинска мерка - јавен укор и 1 (една) одлука за времено оддалечување до правосилно завршување на постапката.

СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ

Следењето на работата на судовите ССРСМ го остварува преку разгледување и оценување на тримесечните и годишните извештаи, но и преку посети на судовите од комисии составени од членови на Судскиот совет, што е предвидено во Интерниот план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите за 2024 година и Акциискиот план, кој е составен дел на Интерниот план, донесен во март 2024 година[7].

Од кварталните извештаи за работата на судовите може да се констатира дека продолжува трендот на неажурни судови, а како причини за таа состојба се наведуваат намалениот број судии, недоволниот број судска администрација, како и зголемениот број предмети.

Вообичаена практика е, по извршените посети на судовите, членовите на комисијата што ја извршила посетата, на седница, да го презентираат извештајот од посетата, со истакнување на позначајните наоди до кои дошле, како и со предлагање заклучоци за понатамошно постапување, доколку биле утврдени недостатоци во работењето на судовите или на некои судии или претседатели на судови. Доколку се јави потреба, се случува да се оди и во вонредна посета на некој суд, а причините за тоа најчесто се судски предмети кои се од интерес за јавноста или претставки од граѓани или правни лица.

Така, во текот на овој извештаен период, беа извршени посети на судови поради активни предмети кои се од голем интерес за јавноста. На седница беа презентирани и усвоени извештаите од работните посети на Основен кривичен суд Скопје и Апелациискиот суд Скопје, а во врска со кривични предмети за кои имаше голем интерес од поширокатa јавност.

ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ ОД ГРАЃАНИ И ОД ПРАВНИ ЛИЦА

Претставките од граѓани и од правни лица, кои се поднесуваат до ССРСМ, а се однесуваат на работата на судиите и на претседателите на судовите, редовно се разгледуваат и се решаваат со почитување на законските рокови.

Во првата половина од 2025 година биле разгледани околу 225 претставки поднесени од граѓани и од правни лица.

Најголем број од претставките Судскиот совет ги одбива како неосновани, имајќи предвид дека со претставките граѓаните, односно правните лица, бараат

7 *www.sud.mk*

преиначување на судска одлука, бидејќи не се задоволни од истата. Во најголем број случаи Судскиот совет наоѓа дека постапката по предметот може да биде и по жалба пред второстепениот суд, па наводите во претставката второстепениот суд ќе ги цени како жалбени наводи при одлучувањето, а бидејќи Судскиот совет нема ингеренции да интервенира во судските одлуки, ниту пак да ги менува истите, не наоѓа основи за постапување по поднесените претставки.

Исто така, може да се забележи и отфрлање на претставките, а како основна причина за отфрлањето се наведува немањето нови факти во однос на поднесената претставка, потоа фактот дека претставката е веќе разгледувана на некоја од претходните седници или пак поради тоа што истата не ги содржи сите податоци што се неопходни да биде разгледана.

Продолжува трендот на зголемен број основани претставки од ССРСМ. Претставките за кои членовите на ССРСМ утврдуваат дека се основани содржат повеќе докази од кои во текот на испитувањето можат да се утврдат индиции за несовесно или нестручно работење на некој судија. Од значење за овие претставки е тоа што, кога се работи за претставка во која судијата ги пречекорил роковите за постапување, или за објавување на одлуката, или за изработување на одлуката, членовите на ССРСМ тоа го констатираат. Една од причините за ваквото постапување е што ваквиот однос спаѓа во критериумите за оценување на судиите, согласно со Методологијата за нивно оценување. По целосното испитување на претставките за кои има индиции дека се основани, членовите на ССРСМ можат да покренат и постапка за одговорност на судијата/претседател на суд. Во случаите кога основите што се презентирани во претставките не се доволни за покренување постапка за одговорност на предметниот судија/претседател на суд, основаните претставки ќе бидат дел од оценката за судијата/претседателот на судот.

Да резимираме: Во овој период може да се забележи неконзистентно постапување кај претставките по однос на основаноста, потоа дека понекогаш, за многу слични претставки, различно се одлучува, односно дека претходно донесеното становиште се менува, без образложение.

ЗАКЛУЧОЦИ



Не се бележи подобрување на општата транспарентност на ССРСМ, согласно со Акцискиот план и Комуникациската стратегија донесени од страна на ССРСМ.



Судскиот совет редовно ја вршел својата работа во однос на постапувањето по претставките, со изборот на судиите во основните судови, работните посети на судовите, редовното оценување на судиите, како и со контролата на работењето на судовите преку посети и квартални извештаи.



Неколку теми остануваат отворени во однос на ефективноста и ефикасноста, но и за угледот и довербата меѓу судиите и јавноста, како и за неконзистентно постапување на членовите на ССРСМ при доследната примена на своите заклучоци и претходно востановената практика.



Позитивно е утврдувањето поголем број претставки од граѓаните, како основани, бидејќи Судскиот совет истите може да ги земе предвид при утврдувањето индиции за несовесното и нестручното работење на некој судија. Но, треба доследно да се применува воспоставената практика при одлучување кај исти или слични наоди по претставките.



При изборот на судии во повисок суд, не се почитува ранг-листата изработена согласно со постапката предвидена за унапредување судии и редоследно не се избираат рангираните кандидати, туку пониско рангираните судии. Ова беше образложено само од некои членови на ССРСМ зошто токму тие судии треба да бидат унапредени. И покрај усвојувањето на измените и дополнувањата на Деловникот за работа на ССРСМ и со изменувањето и дополнувањето на Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, сепак ССРСМ доследно не ги пременува овие одредби.



Како отворено прашање и понатаму останува, при изборот на судии, прекинувањето со понатамошно гласање, откако ќе се изберат доволен број кандидати според огласот, при што, на останатите кандидати од ранг-листата, не им се дава можност да бидат гласани и да остварат ист или поголем број гласови.



Немањето кандидати на огласите за помалите судови, кое се провлекува подолг период, влијае на работата на овие судови и претставува прашање кое треба да се има предвид при донесувањето стратешки документи и законски измени.



Довербата во Судскиот совет, која очигледно е на релативно ниско ниво, пред се' треба да се зголеми помеѓу самите судии, а потоа кај општата јавност.

ПРЕПОРАКИ

Врз основа на следењето на отворените седници на Судскиот совет, на извештаите за Судскиот совет, на објавите и документите објавени на веб-страницата на Судскиот совет на РСМ и на објавите во медиумите, може да се дадат следниве препораки:



Потребно е итно усвојување на измените и дополнувањата на Законот за Судскиот совет на РСМ, во насока на примена на препораките на Оценската мисија на Делегацијата на ЕУ во РСМ.



Судскиот совет доследно да ги имплементира документите кои ги донесе, а кои произлегуваат од усвојувањето на препораките од Оценската мисија на ЕУ во РСМ.



Судскиот совет, во наредниот период, да ги насочи своите капацитети кон зголемување на довербата на граѓаните во судството преку проактивна улога и преземање мерки за намалување на перцепцијата за постоење корупција во судството.



Судскиот совет доследно да ги почитува и применува сопствените акти (законски и подзаконски) во тековното работење, а особено при избор/унапредување и оценување на судиите.